# Социјални мрежи за деца

## Риско ќе ти помогне да се запознаеш со социјалните мрежи



MKSN MKSafeNet

IDEI Institute for Digitalization Economy and Innovation

Република Северна Македонија
Министерство за дигитална трансформација

Co-funded by the European Union

# Вовед




## Важно да знаеш пред да ги користиш социјалните мрежи




Повеќето социјални мрежи може да се користат од деца постари од 13 години



Децата секогаш треба да користат социјални мрежи под надзор




Нема социјална мрежа која може да се користи за деца под 9 годишна возраст без надзор од родител

## Кои социјални мрежи ги користиш?

- ☐ Youtube
- ☐ Snapchat
- ☐ Pinterest
- ☐ TikTok
- ☐ Facebook
- ☐ Whatsapp
- ☐ Instagram
- ☐ Discord
- ☐ Viber

# YouTube

## Што е YouTube?

YouTube е веб-страница и апликација каде што луѓе од целиот свет поставуваат и гледаат видеа. Тоа е како огромна библиотека со филмови, но наместо само со филмови, исполнета е со најразлични видеа.

### Од кога смееш да користиш?

- Официјално од 13 годишна возраст
- YouTube Kids може да се користи од помала возраст, но само под надзор од родител

### Совети за безбедност

- Гледај содржина што е погодна за деца
- Доколку видеото е со непријатна содржина, исклучи го и покажи го на родител

## Обој го логото

# TikTok

## Што е TikTok?

Социјална мрежа каде луѓето креираат и гледаат кратки видеа со разни содржини, вклучувајќи: танцови, игри, скечеви и предизвици.

### Од кога смееш да користиш?

- Од 13 годишна возраст

### Совети за безбедност

- Не прифаќај следбеници што не ги познаваш
- Внимавај со предизвиците, не пробувај ништо опасно
- Не објавувај лични податоци или локација

## Обој го логото

# Instagram

### Што е Instagram?

Социјална мрежа за споделување слики, видеа и приказни („stories“).

### Од кога смееш да користиш?

- Од 13 годишна возраст

### Совети за безбедност

- Постави го профилот на "приватно"
- Не одговарај на пораки од непознати профили
- Пред да споделиш фотографија или видео размисли дали е соодветно

## Обој го логото

# Facebook

## Што е Facebook?

Социјална мрежа за онлајн дружење, споделување фотографии, пишување коментари и градење заедници.

### Од кога смееш да користиш?

- Од 13 годишна возраст

### Совети за безбедност

- Не прифаќај пријателства од луѓе што не ги знаеш
- Внимавај што пишуваш и кому коментираш

## Обој го логото

# WhatsApp / Viber / Messenger

### Што е претставуваат тие?

Апликации за допишување, аудио и видео разговори.

### Од кога смееш да користиш?

- Од 13 годишна возраст

### Совети за безбедност

- Пишувај само со пријатели што ги познаваш и семејството
- Не праќај свои слики на непознати

## Обој го логото

# Snapchat

### Што е Snapchat?

Социјална мрежа на која може да се праќаат слики и пораки што „исчезнуваат“ по извесно време.

### Од кога смееш да користиш?

- Од 13 годишна возраст

### Совети за безбедност

- Дури и ако исчезнува пораката, не значи дека некој не може да ја сними
- Не праќај ништо што не би покажал во живо (пораки и фотографии)
- Пријави непријатни пораки

## Обој го логото

# Discord

### Што е Discord?

Апликација за разговор во групи, често се користи за гејминг, учење и заедници.

### Од кога смееш да користиш?

- Од 13 годишна возраст

### Совети за безбедност

- Биди дел од сервери што ги водат возрасни
- Ако некој е груб, блокирај го и пријави го
- Не влегувај во "voice chat" со непознати

## Обој го логото

# Биди паметен корисник!

**Социјалните мрежи се супер, но само ако сме внимателни!**

**Совети од Риско!**

- Секогаш прашај родител ако нешто не ти е јасно.
- Профилот држи го приватен.
- Не споделувај лични информации.
- Игнорирај и блокирај непознати!
- Интернетот е најдобар кога го користиш паметно!

**Задача**

Напиши која социјална мрежа ти се допаѓа најмногу и зошто?